Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

Број 4, 10 декември 2007 година

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

декември 2007
Штип

СОДРЖИНА

РЕЦЕНЗИЈА на ракописот за учебникот "Енергетски ресурси" поднесен од авторите проф. д-р Панде Лазаров и проф д-р Тодор Серафимовски од Факултетот за рударство, геологија и политехника при Универзитетот "Гоце Делчев" - Штип ..... 3

РЕФЕРАТ за избор на соработник за научната област Земјоделско машинство на Земјоделскиот факултет при Универзитетот "Гоце Делчев" - Штип ..... 8

РЕФЕРАТ за избор на соработник за научната област Растителна биотехнологија на Земјоделскиот факултет при Универзитетот "Гоце Делчев" - Штип ..... 12

РЕФЕРАТ за избор на еден наставник во насловно звање за наставно-уметничка област Вокално пеење на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот "Гоце Делчев" - Штип ..... 16

РЕФЕРАТ за избор на соработник за наставно-уметничка област Вокално пеење на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот "Гоце Делчев" - Штип ..... 18

РЕФЕРАТ за избор на насловен доцент на Факултетот за информатика при Универзитетот "Гоце Делчев" - Штип ..... 20

РЕФЕРАТ за избор на насловен доцент на Факултетот за информатика при Универзитетот "Гоце Делчев" - Штип ..... 25

РЕФЕРАТ за избор на соработници за областа информатика на Факултетот за информатика при Универзитетот "Гоце Делчев" - Штип ..... 29

РЕФЕРАТ за избор на соработник за научната област психологија на образование и воспитување на Педагошкиот факултет при Универзитетот "Гоце Делчев" - Штип ..... 33

РЕФЕРАТ за избор на помлад соработник за научната област Биологија на Педагошкиот факултет при Универзитетот "Гоце Делчев" - Штип ..... 35

РЕФЕРАТ за избор на соработник за научната област Педагогија на Педагошкиот факултет при Универзитетот "Гоце Делчев" - Штип ..... 37

РЕФЕРАТ за избор на соработник за научната област Математика на Педагошкиот факултет при Универзитетот "Гоце Делчев" - Штип ..... 43

РЕФЕРАТ за избор на соработници во научната област Рударство на Факултетот за рударство, геологија и политехника при Универзитетот "Гоце Делчев" - Штип ..... 45

РЕФЕРАТ за избор на наставник во насловно-научно звање за научната област Банкарство и финансии на Економскиот факултет при Универзитетот "Гоце Делчев" - Штип ..... 49

Издавач:
Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип

Главен и одговорен уредник: проф. др. Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Борис Крстев, дипл.правник Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА СОРАБОТНИЦИ ВО НАУЧНАТА ОБЛАСТ РУДАРСТВО НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА РУДАРСТВО, ГЕОЛОГИЈА И ПОЛИТЕХНИКА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП

Со Одлука на Наставно-научниот совет на Факултетот за рударство, геологија и политехника во Штип, бр. 0210-21, од 15 септември 2007 година, формирана е Рецензентска комисија за изготвување и поднесување на писмен реферат за избор на **соработници од областа на рударството**, во состав: проф. д-р Мирјана Голомеова - претседател, проф. д-р Ристо Дамбов - член и проф. д-р Зоран Десподов - член, сите од Факултетот за рударство, геологија и политехника во Штип.

На конкурсот објавен во весниците "Нова Мекедонија" и "Лајм" од 2.11.2007 година, за избор на соработник од областа на рударството, се пријавиле седум кандидати, и тоа: Јасмина Аритоновиќ – дипл. руд. инж., Радмила Каранакова-Стефановска – дипл. руд. инж., Марија Хаџи-Николова – дипл. инж. по заштита при работа, Саше Митрев – дипл. инж. геолог, Стојанче Мијалковски – дипл. руд. инж., Горица Стефанова – дипл. руд. инж. и Афродита Зенделска – дипл. руд. инж. По прегледот на добиениот материјал, Комисијата го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

**Јасмина Аритоновиќ** е родена на 3.7.1978 година во Штип, каде што завршила основно и средно текстилно образование. Во 2000 година се запишала на Рударско-геолошкиот факултет во Штип, каде дипломирала во 2005 година на Одделот за рударство, Катедра за површинска експлоатација - проектирање и менаџмент, со просечна оценка 8,31.

Во учебната 2006/2007 година присуствувала на III Советување за дупчење и минирање, одржано во Охрид.

Во периодот март - јули 2006 година посетувала курс за Обука за геомагнетно мерење во рамките на Темпус-проект за геомагнетни мерења на земјишната површина и стандарди за квалитет.

Има познавања од: Microsoft Office (Word, Excel, Power Point), Auto CAD и Internet. Пасивно знае англиски и руски јазик.

Нејзиното работно искуство е од 1997 до 2000 г. во МК "Амарета", како шеф на завршно одделение при контролирање и пакување на финални производи и од 2005 до 2006 година во МК "Биркард" како дизајнер и склопувач на шаблони за моделирање и креирање на готови текстилни производи.

**Радмила Каранакова-Стефановска** е родена на 17.3.1980 година во Штип. Дипломирала на ден 5.7.2005 г. на Одделот за рударство, Катедрата за површинска експлоатација - површинска експлоатација на минерални суровини, со просечна оценка 8,26.

Во учебната 2006/2007 година се запишала на постдипломски студии на Рударско-геолошкиот факултет во Штип, на Катедрата за површинска експолатација - насока Површинска експлоатација.

Во учебната 2005/2006 и 2006/2007 г. работела како демонстратор на Рударско-геолошкиот факултет во Штип, на дисциплините: *Основи на рударство, Методи на рудничка екплоатација* и *Методи на дупчење.*

Учествувала како соработник во изработка на апликативни проекти на Катедрата за површинска експлоатација.

Има познавања од Microsoft Office и Internet. Од светските јазици има познавање на англиски јазик (читање и пишување).

Кандидатката Радмила Каранакова-Стефановска има издадено како коавтор неколку трудови:

1. Миле Стефанов, Радмила Каранакова-Стефановска, Илија Р. Дамбов - "*Карактеристични шеми на минирање за изработка на автопатот Оризари - Сарај*", Зборник на трудови IV Симпозиум од областа на рударството со меѓународно учество, 30.5 – 2.6.2006 година, Охрид.
2. Орце Спасовски, Ристо Дамбов, Милица Николова, Радмила Каранакова-Стефановска - "*Mine waters of the Bucim deposit and the effect on the human environment*", 2nd Balcan Mining Congress Balkanmine 2007, Belgrade.
3. Ристо Дамбов, Радмила Каранакова-Стефановска - "*Drilling-blasting opreations with operation with the application of grid planning*", 2nd Balcan Mining Congress Balkanmine 2007, Belgrade.

**Марија Хаџи-Николова** е родена на 12.2.1972 година во Штип. Дипломирала на Интердисциплинарни студии по заштита при работа на Машинскиот факултет во Скопје, на ден 20.9.1994 година со просечна оценка 9,4.

Во учебната 2005/2006 година се запишала на постдипломски студии на Рударско-геолошкиот факултет во Штип, на Одделот за рударство, насока Инженерство на рудничка средина.

Со Одлука број 0202-210/5 од 10.9.2007 г. на Наставно-научниот совет на Факултетот за рударство, геологија и политехника при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, прифатена и е пријавата за изработка на магистерски труд под наслов "*Загрозување на животната средина, предизвикано од нарушување на стабилноста на земјините брани под дејство на сеизмички побуди*".

Во учебната 2006/2007 г. работела како демонстратор на Рударско-геолошкиот факултет во Штип по дисциплината Рудно машинско инженерство на Катедрата за рударска механика и механизација.

Има познавања од Microsoft Office, Auto CAD и Internet. Од светските јазици има познавање од англиски јазик (читање и пишување).

**Саше Митрев** е роден на 16.9.1979 година во Штип. Дипломирал на Рударско-геолошкиот факултет во Штип на Одделот за геологија, профил петрологија и минералогија, на ден 23.12.2004 г., со просечна оценка 7,98.

Во учебната 2004/2005 година се запишал на постдипломски студии на Рударско-геолошкиот факултет во Штип, на Одделот за рударство, насока Инженерство на рудничка средина.

Има познавања од Microsoft Office и Internet. Од светските јазици има познавање од англискиот јазик (читање и пишување).

Неговото работно искуство е:

1. John Davies S&A Produce, Brook Farm, Marden, Herefordshire HR 1 3ET Englend (UK) - 29.IV.2003 – 29.XI.2003.
2. АДГ Маврово - "Геомаврово", Скопје од 25 4.2006 до 1.6.2006 година.
3. Royal Carriben International - Мајами, Флорида (САД) од 18 6.2007 до 18.9.2007 година.

**Стојанче Мијалковски** е роден на 11.2.1984 година во Штип. Дипломирал на Рударско-геолошкиот факултет во Штип, на Одделот за рударство, Катедра за подземна експлоатација - подземна експлоатација на минерални суровини, со просечна оценка 9,51.

Во учебната 2006/2007 година работел како демонстратор на Рударско-геолошкиот факултет во Штип по дисциплината Руднички транспорт, технологија на подземна експлоатација и вентилациско инженерство на Катедрата за подземна експлоатација.

Има познавања од: Microsoft Office, Corel Drow, Auto CAD и Internet. Од светските јазици има познавање од англиски јазик (читање и пишување).

Моментално е вработен во Рудник "Саса" ДОЕЛ М. Каменица.

Учествувал како соработник во изработка на четири апликативни проекти на Катедрата за подземна екплоатација:

1. Дополнителен рударски проект за главен и локален транспорт на руда и јаловина во рудникот "Саса". Изготвувач РГФ-Штип, 2006 година.
2. Дополнителен рударски проект за подготовка и транспорт на хидрозасип од засипна станица до хоризонт XIVB во РОЦ "Саса". Изготвувач РГФ - Штип, 2006 година.
3. Дополнителен рударски проект за откопување на оруднувањето од хоризонт XIVB до хоризонт XVI, со метода со хидрозаполнување во РОЦ "Саса". Изготвувач РГФ - Штип, 2006 година.
4. Елаборат за проценка на влијанијата врз животната средина за ПК "Усје" - Титан Цементарница Усје. Изготвувач РГФ - Штип, 2006 година.

**Горица Стефанова** е родена на 26.10.1980 г. во Штип. Дипломирала на 9.6.2005 г. на Рударско-геолошкиот факултет во Штип, на Одделот за рударство, Катедра за површинска експлоатација - проектирање и менаџмент, со просечна оценка 7,61.

Има познавања од: Microsoft Office (Word, Excel), Corel Drow, Auto CAD и Internet. Од светските јазици има познавање од англиски јазик (читање и пишување).

Вработена е во РИ-ПОВЕ Рударски институт - Скопје од 2005 г.

Учествувала во изработка на следните проекти:

1. Главен рударски проект за отворање и експлоатација на ПК "Брод - Гнеотино".
2. Главен проект за изработка на нова депонија за пепел - РЕК Осломеј.
3. Главен проект за дислокација на Р. Темница - II фаза, РЕК Осломеј.
4. Дополнителен рударски проект за понатамошна експлоатација на јаглен од ПК "Осломеј - Запад" за период 2007-2012 година.
5. Дополнителен рударски проект за површинска експлоатација на бакарна руда од североисточиот дел на централното рудно тело на рудникот "Бучим".

Кандидатката Горица Стефанова како коавтор има издадено неколку трудови:

1. А. Тасевски, К. Демјански, Г. Стефанова, Г. Василевски: "*ПК Брод - Гнеотино и неговото значење во континуираното снабдување со јаглен на ТЕ Битола",* Охрид.
2. А. Тасевски, К. Демјански, Г. Стефанова, Г. Василевски: *"Отворање на ПК Гнеотино и неговото значење во снабдувањето со гориво на ТЕ Битола"*, Меѓународно советување "Енергетика 2006" - Охрид.
3. А. Тасевски, К. Демјански, Г. Стефанова, Г. Василевски: "*Рударско технолошки карактеристики на идниот површински коп Брод - Гнеотино"*, IV Симпозиум од областа на рударството со меѓународно учество, Охрид, 2006.

**Афродита Зенделска** е родена на 25.4.1983 година во Штип. Дипломирала на 16.10.2006 година на Рударско-геолошкиот факултет во Штип, на Одделот за рударство, Катедра за минерална технологија - инженерство на рудничка средина, со просечна оценка 8,72.

Има познавања од: Microsoft Office, Corel Drow, Auto CAD и Internet. Од светските јазици има познавање од англиски јазик (читање и пишување).

Учествувала како соработник во изработка на апликативни проекти на Катедрата за подземна експлоатација:

1. Дополнителен рударски проект за откопување на оруднувањето од хоризонт XIVB до хоризонт XVI, со метода со хидрозаполнување во РОЦ "Саса". Изготвувач РГФ-Штип, 2006 година.
2. Дополнителен рударски проект за истражување на хоризонт XIVB, ревир "Свиња Река", РОЦ "Саса". Изготвувач РГФ-Штип, 2006 година.

Во рамките на проектот за утврдување на загаденоста на почвите на подрачјето кое ќе го опфати хидросистемот Злетовица, финансиран од ЈICA, кандидатката работела како помошник во хемиската лабораторија на РГФ - Штип.

Работното искуство на кандидатката Афродита Зенделска е како референт за подземен катастар во ЈП "Исар" - Штип во периодот март 2007 – септември 2007 година. Моментно е вработена во РОЦ "Саса" - Флотација, М. Каменица.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Од гореизложените податоци за кандидатите: Јасмина Аритоновиќ – дипл. руд. инж., Радмила Каранакова-Стефановска – дипл. руд. инж., Марија Хаџи-Николова – дипл. инж. по заштита при работа, Саше Митрев – дипл. инж. геолог, Стојанче Мијалковски – дипл. руд. инж., Горица Стефанова – дипл. руд. инж. и Афродита Зенделска – дипл. руд. инж., Комисијата го констатира следново:

Според Законот за високо образование и Статутот на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, како и од покажаните резултати во наставниот процес, научно-истражувачката и апликативната работа на соодветните катедри при Факултетот за рударство, геологија и политехника, Комисијата констатира дека евидентни се резултатите во научната област рударство на кандидатите: Стојанче Мијалковски – дипл. руд. инж., Афродита Зенделска– дипл. руд. инж. и Радмила Каранакова-Стефановска – дипл. руд. инж.

Според гореизложеното, Комисијата има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за рударство, геологија и политехника во Штип, кандидатите Стојанче Мијалковски, дипл. руд. инж., Афродита Зенделска – дипл. руд. инж. и Радмила Каранакова Стефановска – дипл. руд. инж., да ги избере во звање **помлад асистент од областа на рударството**.

**Рецензентска комисија**

**Д-р Мирјана Голомеова, с.р.**

**Д-р Ристо Дамбов, с.р.**

**Д-р Зоран Десподов, с.р.**